**20121403398**

**АГЕНЦИЈА ЗА ХРАНА**
**И ВЕТЕРИНАРСТВО**

Врз основа на член 28 став (3) од Законот за идентификација и регистрација на животните („Службен весник на Република Македонија“ бр. 95/12), директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗА НЕОДОБРУВАЊЕ НА БАРАЊЕТО ЗА ОВЛАСТУВАЊЕ НА ПРАВНИ ЛИЦА ЗА СТАВАЊЕ ВО ПРОМЕТ НА СРЕДСТВА ЗА ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА ЖИВОТНИТЕ ОДНОСНО ЗАРАДИ НЕДОНЕСУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕ ЗА ОДБИВАЊЕ НА БАРАЊЕТО ЗА ОВЛАСТУВАЊЕ НА ПРАВНИ ЛИЦА ЗА СТАВАЊЕ ВО ПРОМЕТ НА СРЕДСТВА ЗА ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА ЖИВОТНИТЕ

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на барањето за неодобрување на барањето за овластување на правни лица за ставање во промет на средства за идентификација на животните односно заради недонесување на решение за одбивање на барањето за овластување на правни лица за ставање во промет на средства за идентификација на животните во рокот утврден во член 28 став (1) од Законот за идентификација и регистрација на животните.

Член 2

(1) Барањето од член 1 на овој правилник се поднесува на образец: „Барање за неодобрување на барањето за овластување на правни лица за ставање во промет на средства за идентификација на животните односно заради недонесување на решение за одбивање на барањето за овластување на правни лица за ставање во промет на средства за идентификација на животните“, во А-4 формат во бела боја, кој е даден во Прилог и е составен дел на овој правилник.

(2) Образецот на барањето од став (1) на овој член содржи: назив на органот до кој се поднесува барањето, место за датум и број на барањето, во средишниот дел назив на барањето, назив на правното лице-подносител на барањето, седиште на правното лице-подносител на барањето, краток опис поради што се поднесува барањето и датум и место за потпис на подносителот на барањето.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр 21-3709/3
30 октомври 2012 година
Скопје

Директор,
**Дејан Рунтевски**, с.р.

Прилог

ДО
Писарницата на директорот на
Агенцијата за храна и ветеринарство

Датум _______________
Број _________________

**Б А Р А Њ Е**

за неодобрување на барањето за овластување на правни лица за ставање во промет на средства за идентификација на животните односно заради недонесување на решение за одбивање на барањето за овластување на правни лица за ставање во промет на средства за идентификација на животните

Од_____________________________________________________________________________

(назив на правното лице - подносител на барањето)

________________________________________________________________________

(седиште на правното лице - подносител на барањето)

Краток опис поради што се поднесува барањето:

Молам согласно рокот утврден во член 28 став (5) од Законот за идентификација и регистрација на животните директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство да постапи по барањето за овластување на правни лица за ставање во промет на средства за идентификација на животните поднесено под број __________________ од ______________ година до Агенцијата за храна и ветеринарство, чија копија Ви ја доставувам во прилог на ова Барање.

Датум и место на поднесување　　　　Подносител на барањето

____________________________________　　　　____________________________________